Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 став 1 алинеја 2 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11,28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден __.05.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од**
**Вертекс Архитектура ДОО Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација Вертекс Архитектура ДОО Скопје.

Донацијата се состои од:

- Проектна документација за Основен проект за партерно уредување со реконструкција и поставување на урбана опрема на простор околу Општина Велес, на КП бр.1766 и дел од КП бр.1767 и дел од КП бр.1765.

Вредноста на донацијата изнесува 100.000,00 денари.

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и Вертекс Архитектура ДОО Скопје како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Од страна на Вертекс Архитектура ДОО Скопје доставено е Барање до Општина Велес со арх.бр.09-2502/1 од 21.05.2026 година за донација на Проектна документација за Основен проект за партерно уредување со реконструкција и поставување на урбана опрема на простор околу Општина Велес, на КП бр.1766 и дел од КП бр.1767 и дел од КП бр.1765.

Донацијата е наменета за хортикултурно уредување, поставување на урбана опрема, реконструкција и разубавување на јавниот простор, подобрување на осветлување и пешачки површини како и создавање на пофункционална и поестетска околина за граѓаните.

По донесувањето на оваа Одлука, од страна на Градоначалникот како примател на донацијата и Вертекс Архитектура ДОО Скопје како дaвател на донацијата ќе биде склучен договор согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
21 -05- 2026
09-2602/1 1

Архивски знак: 0906
Рок на чување: трајно
20 ___ год
Потпис,

До
Совет на Општина Велес

Предмет:Барање за прифаќање на донација

Почитувани,

Друштво за ревизија надзор и проектирање ВЕРТЕКС АРХИТЕКТУРА ДОО Скопје, го поднесува ова барање за прифаќање на донација за изработка на Проектна документација за Основен проект за партерно уредување со реконструкција и поставување на урбана опрема на простор околу Општина Велес.

Донацијата е наменета за хортикултурно уредување, поставување на урбана опрема, реконструкција и разубавување на јавниот простор, подобрување на осветлување и пешачки површини како и создавање на пофункционална и поестетска околина за граѓаните.

Целта на оваа иницијатива е да се придонесе кон подобар изглед, поголема функционалност и поквалитетен јавен простор во централното подрачје на општината, во интерес на сите граѓани.

Ве молиме да се разгледа можноста за прифаќање на донацијата и да се донесе соодветна одлука согласно законските процедури.

Вредноста на донацијата изнесува 1.000.000,00 ден.

Со почит,

ВЕРТЕКС АРХИТЕКТУРА ДОО Скопје